Одобрил: м-р Б. Јовановска

Управа за заштита на културното наследство
Ул. „Павел Шатев " бр. 3, Скопје; П.Фах 220
contact@uzkn.gov.mk
+389 2 5517 700
www.uzkn.gov.mk

ЈПКД “КОМУНАЛЕЦ“ СТРУМИЦА

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ

Ул. “Климент Охридски“ бр. 35 б - Струмица

Жиро сметка: 200000003051321
Банка депонент: Стопанска банка

ТЕЛЕФОН:
Централа (034) 346 341

e-mail: jpkd.komunalec@hotmail.com

До:
ДП ВИЗУРА дооел Струмица

Датум: 15.10.2020

Наш знак: 10-7275/2
Ваш знак:

Предмет: Информации за подземни водоводни и канализациони инсталации

Почитувани,

Врз основа на Вашето барање за податоци бр. 18/20 од 01.09.2020 г. за потребите за отпочнување на постапка за усвојување на Урбанистички проект (УП) за **КП бр. 4219/2 и 4221, согласно УПС на с. Костурино,** Општина Струмица, во прилог Ви доставуваме податоци и информации за наша постоечка и планирана инфраструктура која е од важност за наведената локација.

Поздрав

Изготвил / Одобрил
Андреј Тошев



легенда
состојба по катастар на недвижности
4221 број на парцела, висина на терен
бетонски ел. столб, шахта
Опфат

ЈПКД "КОМУНАЛЕЦ"

Легенда изведено:

- Фек. канализација

ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ ДЕЛ НА ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

ДП „Визура“ дооел Струмица

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

ВОВЕД:

По прифатена проектна програма од инвеститорот се изработува Урбанистички проект (УП) за вон опфат, за изградба на објекти со намена станбени куќи во состав на селски стопански двор, на КП бр.4221 и 4219/2 КО Костурино, Општина Струмица. УП се изработува согласно чл.58, ст.6 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.в.на РСМ бр.32/20г.) и чл. 51, т.5 од Правилник за урбанистичко планирање (Сл.в.на РСМ бр.225/20г.), со кој се разработуваат катастарски парцели вон опфат на урбанистички план за село, на земјоделско земјиште, за кој нема економска оправданост за донесување на урбанистички план, а постои некатегоризиран сообраќаен пристап.

Основ за изработка на планот е **Услови за планирање на просторот со тех.бр.Y02121, издадени од Април 2021г.** за изработка на Урбанистички проект за вон опфат за изградба на објекти со намена станбени куќи во состав на селски стопански двор, на КП бр.4221 и 4219/2 КО Костурино, Општина Струмица, кои произлегуваат од Просторен план на Р. Македонија, како и Решение за услови за планирање на просторот УП1-15 552/2021 од 26.04.2021год. издадено од Министерство за животна средина и просторно планирање.

1. ПОВРШИНА И ОПИС НА ГРАНИЦИТЕ НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ СО ГЕОГРАФСКО И ГЕОДЕТСКО ОДРЕДУВАЊЕ НА НЕГОВОТО ПОДРАЧЈЕ

Проектниот опфат е плигонална затворена линија, која е формирана од **КП бр.4221 и 4219/2 КО Костурино** е со вкупно површина на проектен опфат од **1186.38м^2**. Цел на планот е уредување на просторот со формирање на градежна парцела, површина за градење и други параметри кои се во согласност со стандардите за урбанистчко плабирање, за отпочнување на постапка за Одобрение за градење.

Предмет на планот се катстарски парцели кои ги задоволуваат условите за формирање на една градежна парцела, а согласно геодетски елаборат за ажурирана геодетска подлога бр.03-174/3 од 27.08.2020г. изработена од ТДГР ДОО „ГЕО ПРЕМЕР“ Струмица, евидентирана во Агенција за катастар на недвижности со бр.1110-114/2020 од 27.08.2020год.

Со изработка на Урбанистички проект, се врши теренско снимање на КП бр.4221 и 4219/2 КО Костурино, а со инвентаризација на терен се евидентирани градбите. Подземните објекти, кои ја представуваат линијската инфраструктура се евидентирани во соработка со општини и институции кои располагаат со податоци.

Границата на планскиот опфат е затворена линија со испрекршена форма, а од север према исток граничи со следните парцели:

- од север граничи со КП бр.4219,
- од исток граничи со сообраќаен коидор со КП бр. 4204,
- од југ граничи со КП бр.4223.
- од запад граничи со КП бр.4220 и 4218.

Лицето на парцелата е ориентирано према исток, теренот е рамен со блага наклонетост према север.

Линијата на проектниот опфат ги има следните координати на прекршочните точки по единствен кординатен систем, по X, Y и Z оските.

X=7635194.8100 Y=4580002.4700 Z= 0.0000
X=7635246.2100 Y=4579999.2000 Z= 0.0000
X=7635251.9200 Y=4580016.7500 Z= 0.0000
X=7635250.8100 Y=4580016.8500 Z= 0.0000
X=7635251.4800 Y=4580020.2400 Z= 0.0000
X=7635224.1500 Y=4580022.9500 Z= 0.0000
X=7635197.2900 Y=4580025.0500 Z= 0.0000
X=7635196.9500 Y=4580021.6700 Z= 0.0000
X=7635196.9500 Y=4580021.6700 Z= 0.0000
X=7635196.9500 Y=4580021.6700 Z= 0.0000

Вкупна површина: 1186.38 м²
Периметар: 151.65 m1

Површината на планскиот опфат во рамките на опишаните граници изнесува 0.12Ха.

2. ИСТОРИЈАТ НА ПЛАНИРАЊЕТО И УРЕДУВАЊЕТО НА ПОДРАЧЈЕТО НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ

Досегашната градба на територијата опфатена со планскиот опфат досега не била опфатена со урбанистчки план за село Костурино, Општина Струмица, а не била покриена и со донесен урбанистички план вон опфат од страна на Општината.

Согласно известувањето бр. 20-1059/2 од 11.08.2020год. од страна на Општина Струмица за село Костурино досега немало изработен урбанистички план.

3. ПОДАТОЦИ ЗА ПРИРОДНИ ЧИНИТЕЛИ

Досегашната градба на територијата опфатена со планскиот опфат досега не била опфатена со урбанистчки план за село Костурино, Општина Струмица, а не била покриена и со донесен урбанистички план вон опфат од страна на Општината.

Природните карактеристики представуваат збир на вредности и обележја создадени од природата, а без учеството и влијанието на човекот. Во

нив спаѓаат географската и геопрометната положба на подрачјето, рељефните карактеристики, геолошки, сеизмички, педолошки и климатски карактеристики. Како најблизок град на село Костурино, за кој се направени анализите е градот Струмица, а истите се однесуваат и за село Костурино. Карактеристиките кои се од голема важност во градежништвото се:

Сообраќајбни правци: Релевантен регионален патен правец за предметната локација, според Просторниот план на Република Македонија, влегува во групата на регионални патишта "P1" и е со ознака:

– P1401 - (Струмица (врска со A4)-Раброво-Валандово-Балинци-Марвинци-врска со P1102);

Динамиката за реализација на мрежата, што ќе овозможи целосно опслужување на Републиката, ќе биде во функција на сообраќајните потреби (очекуваниот обем на сообраќајот), потребите за интеграција во европскиот патен систем, како и економската моќ на државата, а трасите на меѓународните и магистралните патишта, задолжително ќе поминуваат надвор од населените места и се предлага да се решаваат со денивелирано вкрстосување со останатата патна мрежа.

Клима: Територијата каде што се наоѓа предметната локација е под влијание на **изменето медитеранска клима, која продира** по текот на река Струмица, која тече северно, североисточно и источно од Струмица.

Предметната локација се наоѓа југозападно од населено место Доброшинци на надморска височина од 265 m.

Подрачјето на Струмичкото поле, се карактеризира со изменето медитеранска клима. Влијанијата на медитеранската клима продираат по текот на река Струмица, која отекува северно, североисточно и источно од Струмица.

Температура и врнежи: Просечната годишна температура на воздухот е 12,7°C со највисоки просечно месечни температури во јули 23,6°C и најниски во јануари 0,9°C. Амплитудата изнесува 22,7°C додека разликата меѓу апсолутно максималната 40,5°C и апсолутно минималната температура -24,0°C изнесува 64,5°C. Мразниот период изнесува 160 дена. Бројот на денови со снег е 18.

Сончевиот сјај изнесува 2258,5 часови годишно. Бројот на ведри денови годишно е 127, облачни 168 и тмурни денови 71. Релативната влажност на воздухот изнесува 74% средно-годишно.

Во овој регион просечно годишно паѓаат 567,4mm воден талог со максимум на есен и пролет (ноември и мај) додека долготрајните суши над еден месец се ретка појава(2%). Маглите се појавуваат околу 23 дена и тоа од октомври-март.

Ветровите во ова подрачје дуваат од сите правци од кои најизразен интензитет има северозападниот правец. Овој ветар дува со честина од 163‰ и средна брзина од 2,1m/s со максимум во јули од 8m/s. По честината втор ветер е југозападниот со 99‰ и средна брзина 1,7m/s со максимум во

пролет од 7m/s. Со слична честина е и јужниот ветер (83‰), а брзина од 1,8m/s, а северниот и западниот имаат брзина од 1,8 односно 2,0m/s и честина 68 односно 69‰ и максимална брзина од 8m/s. Источниот е со честина од 51‰ и средна брзина од 1,4m/s и максимална брзина од 10m/s.

Сеизмика: Локацијата за која се изработува урбанистички проект, се наоѓа во зона со **IX степени по Меркалиевата скала на очекувани земјотреси.**

Намалување на сеизмичкиот ризик може да се изврши со задолжителна примена на нормативно - правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, кај изградбата на новите објекти.

Во инвестиционите проекти треба да се разработат мерките за заштита на човекот, материјалните добра и животната средина од природни катастрофи.

Неопходно е перманентно ажурирање на плановите за заштита од елементарни непогоди, кои согласно законските обврски постојат за целата територија на државата, поради присутниот сеизмички хазард, како и изложеноста на други природни катастрофи. Со реализација на наведените приоритети се создаваат реални услови за успешна инженерска превенција и намалување на сеизмичкиот ризик на територијата на целата Држава, односно за ефикасен менаџмент на ефектите и вонредните состојби предизвикани од силните сеизмички сили.

. Во овој регион присутни се артерски издани на различна длабочина.

Податоците се од мерна станица Струмица.

Водени ресурси: Согласно Просторниот план на Република Македонија основна цел во водостопанството е континуирано обезбедување на квалитетна вода за потрошувачите. Селото Костурино се водоснабдува од сопствен водовод, изграден со сопствени срдства. Водите пред диструбуција во водоснабдителната мрежа се подложуваат на третман во филтерница (фабрика за води).

Релјеф: Површината опфатена со плански опфат е со рамен терен со многу мал наклон од запад према исток. Надморската височина во селото е 440метри додека во планскиот опфат, се движи од 440.3 до 441.5

4. ПОДАТОЦИ ЗА СОЗДАДЕНИ ВРЕДНОСТИ

Архитектонско градежни податоци:

Од неколкуте основни функции во населбите, домувањето е најголем потрошувач и корисник на просторот, основна содржина на населбите и основен елемент на просторното и урбанистичко планирање. Домувањето општо, а изградба на **објекти за домување**, посебно е битна компонента на социјалниот и општествениот развој, организација и уредување на просторот и подигнување на животниот стандард на населението.

Демографски податоци: Тргнувајќи од определбата дека популацискатa политика преку систем на мерки и активности треба да влијае врз природниот прираст, се оценува дека за обезбедување на плански развој и излез од состојбата на неразвиеност се наметнува водењето

активна популациска политика во согласност со можностите на социо-економски развој на Републиката. Во овие рамки треба да се води единствена популациска политика со диференциран пристап и мерки по одделни подрачја, со цел да се постигне оптималиѕација во користењето на просторот и ресурсите, хуманизација на условите за семејниот и општествениот живот на населението, намалување на миграциите, како и создавање на услови за порамномерен регионален развој на Републиката.

Според податоците од Пописот на населението, домаќинствата и становите спроведен во 2002 год. вкупниот број на жители во Општина Струмица на чиј простор се наоѓа предметната локација, изнесува 54.676 жители, од кои 46,2% претставува расположива работна сила која што е значаен потенцијал за идниот развој на овој крај.

За село Костурино не се располага со податоци за деногравски состав и број на житли.

Јавни функции: На предложениот простор наменет за изградба на објекти со намена станбени куќи во состав на селски стопански двор, КО Костурино, Општина Струмица, нема препораки и обврски за организација на јавни функции (образование, здравство, социјала и спорт и рекреација), што значи дека се исклучени и можностите за било каков конфликт помеѓу два типа на функции.

Индустрија: Развојот и просторната разместеност на индустријата претставува значаен фактор за поттикнување на развојот на вкупната економија и модернизација на другите области од економскиот и општествениот живот. Ефикасното и успешно спроведување на насоките и определбите за поттикнување на развојот на индустриските дејности и нивно рационална разместување во просторот ги детерминираат позитивните промени и во другите сегменти на економијата: пораст на вработеноста, зголемување на бруто домашниот производ, подобрување на животниот стандард и др.

5. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ЗЕМЈИШЕТО И ВКУПНАТА АФИЗИЧКА СУПРАСТУКТИРА

Во планскиот опфат не е евидентирано градба над терен, земјиштето е земјоделско со класа на намена –нива, со класа на намена 4.

6. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ГРАДБИТЕ СО РЕЖИМ ЗА ЗАШТИТА

Во планскиот опфат не се евидентирани градби со режин за заштита на културно наследство, постојни споменични целини, културни предели и друго.

Податоците се првземени од Министерсто за култура - управа за заштита на културно наследство.

7.ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ИЗГРАДЕНА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

Сообраќајни правци:

До планскиот опфат постои сообраќаен коридор, неасвалтиран селски пат –простор за користење на јавна површина, сообраќаен коридор, со КП бр. 4204. кој се поврзува со регионален пат Р1404 кој го поврзува с. Костуруно со магистралната мрежа на РСМ.

Релевантен регионален патен правец за предметната локација, според Просторниот план на Република Македонија, влегува во групата на регионални патишта "Р1" и е со ознака:

– Р1401 - (Струмица (врска со А4)-Раброво-Валандово-Балинци-Марвинци-врска со Р1102);

Основата за *интерното поврзување* во државата односно планирање и развој на патната мрежа на РС Македонија се базира на категоризација на патиштата, на стратешки дефинирани меѓународни коридори за патен сообраќај, на досега изградената европска патна мрежа-ТЕМ со "Е" ознака на патиштата, на досега изградената магистрална и регионална патна мрежа, како и на определбите од долгорочната стратегија за развој. Во идната патна мрежа на Републиката, основните патни коридори ќе ги следат веќе традиционалните правци во насока север-југ (коридор 10), односно исток-запад (коридор 8), што се вкрстосуваат во просторот помеѓу градовите: Скопје, Куманово и Велес. На тој начин дел од магистралните патишта во Републиката ќе формираат три основни патни коридори, што треба да се изградат со технички и експлоатациони карактеристики компатибилни со системот на европските автопатишта (ТЕМ):

Целокупната инвентаризација на планскиот опфат, со приказ на намени на земјиштето, е прикажано во следбата табела:

Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија, на предметниот простор на кој се предвидува изградба на објекти со намена лесна градежна индустрија со производство на градежни елементи и производи, погони и бази за производство на асфалт и бетон, КО Доброшинци-вон г.р., Општина Василево, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство.

Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата, за потребите на Просторниот план на Републиката, изготви Експертен елаборат за заштита на недвижното културно наследство во кој е даден Инвентар на недвижното културно наследство од посебно значење.

Инвентарот содржи список на регистрирани и евидентирани недвижни културни добра, што подразбира список на недвижните предмети

со утврдено својства споменик на културата, односно на недвижните предмети за кои основано се претпоставува дека имаат споменично својства. Тоа се: археолошки локалитети, цркви, манастири, џамии, бањи, безистени, кули, саат кули, турбиња, мавзолеи, конаци, мостови, згради, куќи, стари чаршии, стари градски јадра и други споменици со нивните имиња, локации, блиските населени места, период на настанување и општините во кои се наоѓаат спомениците.

Согласно постоечката законска регулатива, видови на недвижно културно наследство се: споменици, споменични целини и културни предели.

Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија, на предметниот простор на кој се предвидува изградба на објекти со намена лесна градежна индустрија со производство на градежни елементи и производи, погони и бази за производство на асфалт и бетон, КО Доброшинци-вон г.р., Општина Василево, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство.

Електрични инсталации:

Според податоците од Електродистрибуција дооел Скопје, во планскиот опфат нема електроенергетски објекти и инфраструктура. Според увидот на лице место, покрај планскиот опфат мунува електричен кабел, со јачина од 0.4кв., на кој се приклучени соседни објекти.

Водовод и канализација

Селото има изградено селски водовод, а снабдувањето со вода секое семејство го решава со приклучок на секундарна водоводна мрежа, инсталирана на планираните улици низ селото. Комуналното претпријатие ЈПКД Комуналец Струмица, не управува со системот за снабдување со вода.

На територијата на планскиот опфат постои изведена канализациона мржа, кој податок е превземен од информации доставени од ЈПКД Комуналец – Струмица.

Во селото нема изведено систем за собирање на атмосверска канализација, а атмосверските води се собираат во отворени каналикои се собираат во речните текови кои минуваат во и покрај селото.

Телекомуникација

Според податоците од Македонски телеком АД Скопје, Планскиот опфат не е покриен со кбелски оператори на интернет мрежата.

5. ЛИСТА НА ПОДАТОЦИ ЗА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ

Релевантни прилози кои ја отсликуваат состојбата на теренот се:

-Ажурирана геодетска подлога изработена од Лиценцирана геодетска фирма ТДГР ДОО „ГЕО ПРЕМЕР“ Струмица со бр.03-284/3 од 14.01.2021г., евидентирана во Агенција за катастар на недвижности со бр.1110-17/2021 од 14.01.2021год.

Врз основа на барање на податоци и информации за изработка на Урбанистички проект за КП бр.1003, КП бр.1004 и КП бр.1006, КО Доброшинци-вон г.р., Општина Василево, доставени се податоци од следните институции:

-ДЗС подрачно одделение за заштита и спасување Струмица со арх.бр.09-203/2 од 10.09.2020г.

-Македонски телеком АД Скопје, бр.31449 од 11.09.2020г.

-Електродистрибуција ДООЕЛ, Скопје со бр.10-1671/5-168 од 15.09.2020г.

-ЈПКД „Комуналец “ Струмица, со бр.10-7275/2 од 15.10.2020г.

-Министерство за култира-управа за заштита на културното наследство, доставување на податоци бр. 17-2645/2 од 10.09.2020год.

Овие мислења, податоци и информации се составен дел на документационата основа.

Составил :
Александра Едровска - диа

ИЗВОД ОД УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

ДП „Визура“ дооел Струмица

ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Условите за планирање на просторот се наменети за изградба на објекти со намена станбени куќи во состав на селски стопански двор, на КП 4221 и КП 4219/2, КО Костурино, Општина Струмица. Површината на предметниот опфат изнесува 0,118 ha и зафаќа земјоделско земјиште: ниви (IV класа).

Условите за планирање треба да претставуваат влезни параметри и насоки при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето во соодветниот плански документ, обработени во "Просторниот план на Република Македонија".

Економски основи на просторниот развој

- **Изградба на објекти со намена станбени куќи во состав на селски стопански двор, КО Костурино, Општина Струмица на површина од 0,118 ha, согласно определбите од "Просторниот план на Република Македонија" треба да базира на законитостите на пазарната економија и примена на релевантната законска регулатива од областа на заштитата на животната средина, особено превенција и спречување на негативните влијанија врз животната средина со цел одржлив развој и елиминирање на екстерналиите.**

Користење и заштита на земјоделско земјиште

- Согласно Просторниот план на Република Македонија просторот на РМ е поделен во **6 земјоделско стопански реони и 54 микрореони**. **Предметната локација припаѓа на Медитерански или Повардарски земјоделско стопански реон кој е поделен на Јужно медитерански со 2 микрореони и Централно-медитерански со 10 микрореони.**
- При изработка на планската документација, неопходно е воспоставување и почитување на ефикасна контрола на користењето и уредување на нормите и стандарди за градба. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето. **Предметниот опфат зафаќа земјоделско земјиште: нива (IV класа).**

Водостопанство и водостопанска инфраструктура

- За долгорочно и квалитетно водоснабдување на објектите потребно е околу изворникот да се дефинираат заштитни зони и режим на заштита во зоните (доколку се користи независен изворник, односно објектите не се приклучат на водоснабдителната мрежа на селото Костурино).
- Обезбедувањето на потребните количини на вода треба да се одвива во насока на рационално користење на водата преку примена на современи технички решенија во управувањето со системот за водоснабдување.
- Отпадните води пред да се испуштат во реципиентот мора да бидат подложени на соодветен третман со што нивниот квалитет ќе биде доведен во согласност со критериумите дефинирани со „Уредбата за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води".

Енергетика и енергетска инфраструктура

- Локацијата за изградба на објекти со намена станбени куќи во состав на селски стопански двор, КО Костурино, Општина Струмица нема конфликт со постојните и планирани енергетски водови.

- За електроенергетските корисници потребно е да обезбеди сигурно и непрекинато снабдување со електрична енергија со напон кој ќе биде во дозволените граници.

Урбанизација и мрежа на населби

- **Иницијативата за изградба на објекти со намена станбени куќи во состав на селски стопански двор, КО Костурино, Општина Струмица, би требало да предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно окружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост, повисок квалитет на услугите во окружувањето, како и уреденост на просторот, сето тоа базирано врз принципите на одржлив развој како и максимално почитување и вградување на нормативите и стандарди за заштита на животната средина.**

Домување

- Основна определба во политиката на станбената изградба за изградба на **објекти со намена станбени куќи во состав на селски стопански двор, КО Костурино, Општина Струмица,** во планираниот период треба да биде реализација на зацртаните цели на концепцијата на домувањето во зависност од потребите и економските можности.
- **Иницијативата за изградба на објекти со намена станбени куќи во состав на селски стопански двор, КО Костурино, Општина Струмица, ќе допринесе за зголемување на квалитетот на живеење во руралната средина преку внесување на нови вредности и изнаоѓање на нови можности за адекватно користење и организирање на просторот, преку современо уредување и модернизирање на стопанските дворови согласно стандардите и нормативите за урбанистичко планирање.**

Јавни функции

- **На предложениот простор наменет за изградба на објекти со намена станбени куќи во состав на селски стопански двор, КО Костурино, Општина Струмица, нема препораки и обврски за организација на јавни функции (образование, здравство, социјала и спорт и рекреација), што значи дека се исклучени и можностите за било каков конфликт помеѓу два типа на функции.**

Сообраќајна инфраструктура

- Според Просторниот план на Република Македонија **автопатската и магистрална патна мрежа** релевантна за предметниот простор е:

  А4 (М-6) - (Граница со Косово-ГП Блаце-крстосница Стенковец-обиколница Скопје-Петровец-Миладиновци-Свети Николе-Штип-Радовиш-Струмица-гр.со Бугарија-ГП Ново Село);
- Релевантен регионален патен правец за предметната локација влегува во групата на **регионални патишта "Р1"** и е со ознака:

  Р1401 - (Струмица (врска со А4)-Раброво-Валандово-Балинци-Марвинци-врска со Р1102);
- **При планирање да се почитува Законот за јавни патишта** („Службен весник на Република Македонија" број 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16 и 163/16).

Радиокомуникациска и кабелска електронско комуникациска мрежа

- Локацијата за изградба на објекти со намена станбени куќи во состав на селски стопански двор, КО Костурино, Општина Струмица нема конфликт со постојните и планирани радиокомуникациски и кабелски електронско комуникациски мрежи.
- Преку кабелските електронски комуникациски мрежи, на крајните корисници треба да им се обезбеди сигурен пренос на јавни електронски комуникациски услуги со задоволување на одредени општи и посебни услови за квалитет, во согласност со Законот за електронските комуникации и препораките за обезбедување на одредено ниво на квалитет на пренос.

Заштита на животната средина

- **Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изградба на објектите со намена станбени куќи во состав на селски стопански двор, КО Костурино, Општина Струмица, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животната средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа.**
- Да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности.
- Да се следи и контролира присуството на загадувачки материи во воздухот со цел да се одржи квалитетот на воздухот во граници на дозволените нивоа на емисии.
- Да се предвидат соодветни технички зафати за пречистување на отпадните води и имплементација на технологии кои ќе овозможат нивно повторно искористување за истата или друга намена.
- Да се контролира квалитетот на пречистените отпадни води пред испуштање во најблискиот реципиент, со цел да се усогласат вредностите на концентрацијата на материите присутни во пречистената отпадна вода со пропишаните гранични вредности на максимално дозволените концентрации на материите присутни во реципиентот.
- Да се превземат активности за намалување на бучавата и вибрациите од опремата, со цел да се избегнат негативните ефекти од бучавата и да се почитуваат пропишаните гранични вредности за дозволено ниво на бучава во животната средина.
- Организирано управување со отпадот со цел да се минимизира негативното влијание врз животната средина, животот и здравјето на луѓето.
- Создавачот и/или поседувачот на отпадни материи и емисии ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина.
- Уредување на комплексот со заштитно и украсно зеленило. При изборот на вегетацијата да се даде приоритет на видовите (автохтони) со висок биоакумулативен капацитет за загадувачки материи.
- Да се изведуваат енергетски ефикасни објекти.

Заштита на природно наследство

- **Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија, предметниот простор на кој се предвидува изградба на објекти со намена станбени куќи во состав на селски стопански двор, КО Костурино, Општина Струмица, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство.**
- Доколку при изработка на предметната документација или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат соодветни мерки за заштита на природното наследство согласно Законот за заштита на природата.

Заштита на културното наследство

- Согласно податоците од Археолошката карта на Република Македонија[2], на подрачјето на катастарската општина Костурино, има евидентирани недвижни споменици на културата и археолошки локалитети.
- При изработка на планска документација од пониско ниво да се утврди точната локација на евидентираното и регистрираното културно наследство и во таа смисла да се применат соодветните плански мерки за заштита на истото.
- Доколку при изведување на земјаните работи се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културно-историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со постоечката законска регулатива (Закон за заштита културното наследство - „Службен весник на Република Македонија" број 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18,20/19), односно веднаш да се запре со отпочнатите градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство.

Туризам и организација на туристички простори

- Предметната локација за која што се наменети Условите за планирање, **припаѓа Струмичко - Радовишки туристички регион со утврдени 4 туристички зони и 12 туристички локалитети.**
- **Согласно поставките на Концептот и критериумите за развој и организација на туристичката дејност, за непречен развој на вкупната туристичка понуда на ова подрачје, се препорачува, при идната организација на стопанските дејности да се почитуваат критериумите за заштита и одржлив економски развој.**

Заштита од воени разурнувања, природни и техничко-технолошки катастрофи

- **Локацијата за која се наменети условите за планирање на просторот за изградба на објекти со намена станбени куќи во состав на селски стопански двор, КО Костурино, Општина Струмица, се наоѓа во индиректно загрозени простори од воени дејства.** Според тоа во согласност со Законот за заштита и спасување, задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување.
- Задолжителна примена на мерки за заштита од пожар.
- **Анализираниот простор се наоѓа во подрачје каде се можни потреси со јачина до IX степени по МКС**, што наметнува задолжителна примена на нормативно-правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, кај изградбата на новите објекти.

Насоки за потребата од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина

- **При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за предметната документација за изградба на објекти со намена станбени куќи во состав на селски стопански двор, КО Костурино, Општина Струмица, задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.**

ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти

Тема:
Биланс на намена на површините

Користење на земјиштето

Карта бр. 20

Легенда:

- шуми и шумско земјиште
- земјоделско земјиште
- наводнувани површини
- високопланински пасишта
- акумулации
- зони за експлоат. на минерали
- туристички простори
- транзитни коридори
- туристички центри
- автопат
- магистрален пат
- регионален пат
- железничка мрежа
- воздухопловно пристаниште



ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти

Тема:
Просторно-функционална организација

Систем на населби и сообраќајна мрежа

Карта бр. 22

Легенда:

Центар на макрорегион
Центар на микрорегион
Центри на просторно-функционални единици
Управа
Просторно-функц. единици
Граници на влијанија на макрорегион. центри
Општински центар
Образование
Средно Вишо Високо
Здравствена заштита
2 Секундарна 3 Терцијална
Оски на развој
источна
јужна
север-југ
северна
западна
Слободна економ.зона
Автопат
Магистрален пат
Регионален пат
Железничка мрежа
Воздухоплов. пристан.
Стопански аеродром
Спортски аеродром



ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти

Тема:
Техничка инфраструктура

Водостопанска и енергетска инфраструктура

Карта бр. 23

Легенда:

- Изворишта
- Водоводен систем
- Регионален водост. систем
- Акумулации
- Акумулации по 2020г.
- Природни езера
- Наводнувани површини
- Водостопански подрачја
- Термоелектрани
- Хидроелектрани

Далноводи
- 110 kV
- 220 kV
- 400 kV

Трафостаници
- 110 kV
- 220 kV
- 400 kV

- Рафинерија
- Нафтовод
- Индустриски топлани
- Рудник на јаглен
- Брикетара
- Гасовод
- Регулациони станици
- Канализационен систем



ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти

Тема:
Заштита на животната средина

Реонизација и категоризација на просторот за заштита

Карта бр. 24

Легенда:

- Граници на региони за управување со животната средина
- Заштита на простори со природни вредности
- Рекултивација на деград. простори
- Управување со загад. на воздух и вода
- Заштита на реки со нарушен квалитет
- Заштита на акумулации и реки за водозафати
- Рекултивација на деградирани простори
- Заштита на земјоделско земјиште
- Заштита на шуми
- Поволни подрачја за лоцирање регионални санитарни депонии
- Поволни хидрогеолошки средини за лоцирање на депонии
- Споменичко подрачје
- Археолошки локалитети
- Споменички целини



ГРАФИЧКИ ДЕЛ НА ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

ДП „Визура“ дооел Струмица





ЛЕГЕНДА:

- ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ

легенда од геодет:

4221	состојба по катастар на недвижности број на парцела,
	бетонски ел. столб,
440.9291	висина на терен
	шахта

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА ВОН ОПФАТ ЗА ИЗГРАДБА НА ОБЈЕКТИ СО НАМЕНА СТАНБЕНИ КУЌИ ВО СОСТАВ НА СЕЛСКИ СТОПАНСКИ ДВОР НА КП бр.4221 И КП бр.4219/2, КО КОСТУРИНО, ОПШТИНА СТРУМИЦА

ОПШТИНА СТРУМИЦА

M=1:500

АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА СО ПРОЕКТЕН ОПФАТ

Место и датум

27.08.2020год. Куклиш

Изготвил

Дипл.геод.инж Васко Василев

Број на листот: 1





Нумерички показатели во рамки на плански опфат	Постојно
Површина на плански опфат(м^2)	1186.37
Вкупно изградено земјиште(м^2)	-
Изградена површина(м^2	-
Вкупно изградена површина по катови(м^2)	-
Процент на изграденост (%)	-
Коефициент на искористеност(к)	-

Билансни показатели - постојни

Број на КП	Површина земјиште (м^2)	Изградена површина (м^2)	Катност	Вкупно изградена површина (м^2)	Намена на градбите
4221	993.37	-	-	-	НЗ-неизградено земјиште
4219/2	193.01	-	-	-	НЗ-неизградено земјиште
вкупно:	1186.37				

ЛЕГЕНДА:

- ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ
- ЛИНИЈА НА ПАРЦЕЛА
- РЕГУЛАЦИОНА ЛИНИЈА
- ЕЛЕМЕНТИ НА СООБРАКАЈНИЦА
- НЗ - НЕИЗГРАДЕНО ЗЕМЈИШТЕ
- СООБРАЌАЕН КОРИДОР
- ОБЈЕКТИ ОД СЛАБ МАТЕРИЈАЛ

ЈПКД "КОМУНАЛЕЦ"
Легенда изведено:
---------- - Фек, канализација

легенда од геодет:
4221 — број на парцела,
— бетонски ел. столб,
440.9291 — висина на терен
— шахта

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА ВОН ОПФАТ ЗА ИЗГРАДБА НА ОБЈЕКТИ СО НАМЕНА СТАНБЕНИ КУЌИ ВО СОСТАВ НА СЕЛСКИ СТОПАНСКИ ДВОР НА КП бр.4221 И КП бр.4219/2, КО КОСТУРИНО, ОПШТИНА СТРУМИЦА

ОПШТИНА СТРУМИЦА

M=1:500

ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА И СНИМКА НА ИЗГРАДЕН ГРАДЕЖЕН ФОНД И КОМУНАЛНА ИНФРАСРТУКТУРА

ИЗГОТВУВАЧ НА ПЛАНОТ	ВИЗУРА СТРУМИЦА		Т.БР. 2136/20
носител на изработката на планот:	**АЛЕКСАНДРА ЕДРОВСКА дипл. инж. арх. Лиценца бр. 0.0031**	Вид на планот:	УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА ВОН ОПФАТ ЗА ИЗГРАДБА НА ОБЈЕКТИ СО НАМЕНА СТАНБЕНИ КУЌИ ВО СОСТАВ НА СЕЛСКИ СТОПАНСКИ ДВОР, НА КП бр.4221 И КП бр.4219/2, КО КОСТУРИНО, ОПШТИНА СТРУМИЦА
соработник:	**дипл. урб. МАРИЈА ЕДРОВСКА**	Општина:	Струмица
нарачател на планот:	**КОЛЕВА ЉУПКА С.КОСТУРИНО БР.137**	Цртеж:	**ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА И СНИМКА НА ИЗГРАДЕН ГРАДЕЖЕН ФОНД И КОМУНАЛНА ИНФРАСРТУКТУРА**
Дата на изработка:	ОКТОМВРИ 2021г.	Мерка: 1:500	Број на листот: 2





ЛЕГЕНДА:

- ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ
- ЛИНИЈА НА ПАРЦЕЛА
- РЕГУЛАЦИОНА ЛИНИЈА
- ЕЛЕМЕНТИ НА СООБРАКАЈНИЦА
- H3 - НЕИЗГРАДЕНО ЗЕМЈИШТЕ
- СООБРАЌАЕН КОРИДОР
- ГРАДБИ СО ПРАВЕН СТАТУС СТЕКНАТ ПО ОСНОВ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ СО БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИ ОБЈЕКТИ

легенда од геодет:

- состојба по катастар на недвижности
- 4221 број на парцела,
- бетонски ел. столб,
- 440.9291 висина на терен
- шахта

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА ВОН ОПФАТ ЗА ИЗГРАДБА НА ОБЈЕКТИ СО НАМЕНА СТАНБЕНИ КУЌИ ВО СОСТАВ НА СЕЛСКИ СТОПАНСКИ ДВОР НА КП бр.4221 И КП бр.4219/2, КО КОСТУРИНО, ОПШТИНА СТРУМИЦА

ОПШТИНА СТРУМИЦА

M=1:500

ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ГРАДБИТЕ СО ПРАВЕН СТАТУС СТЕКНАТ ПО ОСНОВ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ СО БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИ ОБЈЕКТИ

ИЗГОТВУВАЧ НА ПЛАНОТ	ВИЗУРА СТРУМИЦА		Т.БР. 2136/20
носител на изработката на планот:	**АЛЕКСАНДРА ЕДРОВСКА дипл. инж. арх. Лиценца бр. 0.0031**	Вид на планот:	УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА ВОН ОПФАТ ЗА ИЗГРАДБА НА ОБЈЕКТИ СО НАМЕНА СТАНБЕНИ КУЌИ ВО СОСТАВ НА СЕЛСКИ СТОПАНСКИ ДВОР, НА КП бр.4221 И КП бр.4219/2, КО КОСТУРИНО, ОПШТИНА СТРУМИЦА
соработник:	**дипл. урб. МАРИЈА ЕДРОВСКА**	Општина:	Струмица
нарачател на планот:	**КОЛЕВА ЉУПКА С.КОСТУРИНО БР.137**	Цртеж:	**ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ГРАДБИТЕ СО ПРАВЕН СТАТУС СТЕКНАТ ПО ОСНОВ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ СО БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИ ОБЈЕКТИ**
Дата на изработка:	ОКТОМВРИ 2021г.	Мерка: 1:500	Број на листот: 3

ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ НА ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА

ДП „Визура“ дооел Струмица

ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИОНА

1. ВИД НА ПРОЕКТ, НАЗИВ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ

Се изработува Урбанистички проект, Урбанистички проект (УП) за вон опфат, за изградба на објекти со намена станбени куќи во состав на селски стопански двор, на КП бр.4221 и 4219/2 КО Костурино, Општина Струмица. УП се изработува согласно чл.58, ст.6 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.в.на РСМ бр.32/20г.) и чл. 51, т.5 од Правилник за урбанистичко планирање (Сл.в.на РСМ бр.225/20г.), со кој се разработуваат катастарски парцели вон опфат на урбанистички план за село, на земјоделско земјиште, за кој нема економска оправданост за донесување на урбанистички план, а постои некатегоризиран сообраќаен пристап.

Предмет на проектот се катастарски парцели формирани на терен со КП бр. 4221 и 4219/2 КО Костурино, Општина Струмица, а согласно геодетски елаборат за ажурирана геодетска подлога бр.03-284/3 од 14.01.2021г., изработена од ДТГР „ГЕО ПРЕМЕР“ ДОО Струмица, евидентирана во Агенција за катастар со бр.1110-17/2021 од 14.01.2021год.

Основ за изработка на планот е **Услови за планирање на просторот со тех.бр.Y02121, издадени од Април 2021г.** за изработка на Урбанистички проект за вон опфат за изградба на објекти со намена станбени куќи во состав на селски стопански двор, на КП бр.4221 и 4219/2 КО Костурино,

2. ПРЕЦИЗЕН ОПИС НА ГРАНИЦИТЕ НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ

Со изработка на Урбанистички проект, се врши теренско снимање на КП бр. 4221 и 4219/2 КО Костурино, Општина Струмица, со евидентирање на градбите и линијската инфраструктура во соработка со општини и институции кои располагаат со податоци.

Границата на планскиот опфат е затворена линија со испрекршена форма, а од север према исток граничи со следните парцели:

- од север граничи со КП бр.4219,
- од исток граничи со сообраќаен коидор со КП бр. 4204,
- од југ граничи со КП бр.4223.
- од запад граничи со КП бр.4220 и 4218.

Лицето на парцелата е ориентирано према исток, теренот е рамен со блага наклонетост према север. Големината на парцелите со КП бр.4221 и 4219/2 КО Костурино, Општина Струмица, како и конфигурацијата на теренот, се главен предуслов за планирање на површината за градење, во ширина и висина кои се специфични за таков вид на објекти

Вкупна површина: 1186.38м²

Периметар: 151.65m[1]

Површината на проектен опфат во рамките на опишаните граници изнесува 0.12Ха.

3. СТРАТЕШКИ ОПРЕДЕЛБИ ШТО ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД РАЗВОЈНИ СТРАТЕГИИ, ПРОСТОРНИ И УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ОД ПОВИСОКО НИВО

Главните насоки во однос на урбанистичко планирање, а кои се од задолжителен карактер, ќе бидат прифатени од **Услови за планирање на просторот со тех.бр.Y02121, издадени од Април 2021г.** за изградба на објекти со намена станбени куќи во состав на селски стопански двор, на КП бр.4221 и 4219/2 КО Костурино, Општина Струмица.

Условите за планирање на просторот се наменети за изработка на **Урбанистички проект за вон опфат за изградба на објекти со намена**

станбени куќи во состав на селски стопански двор, на КП бр.4221 и 4219/2 КО Костурино, Општина Струмица. Површината на преоктниот опфат за кој се издаваат Условите за планирање на просторот изнесува 0.12Ха.

Дефинирањето на границите на проектниот опфат, со површина на истиот, е утврдена со одобрената Проектна програма од страна на инвеститорот.

Во граници на проектниот опфат се предвидуваат намени на земјиштето согласно Законот за урбанистичко планирање и Правилникот за урбанистичко планирање.

Условите за планирање треба да претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот на населбата и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот, обработени во согласност со **Просторниот план на Република Северна Македонија**.

При изработка на Урбанистички проект за вон опфат за изградба на објекти со намена објекти со намена станбени куќи во состав на селски стопански двор, треба да се земат во предвид поединечни **заклучни согледувања** од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Северна Македонија.

Економски основи на просторниот развој

- Изградба на објекти со намена станбени куќи во состав на селски стопански двор, КО Костурино, Општина Струмица на површина од 0,118 ha, согласно определбите од "Просторниот план на Република Македонија" треба да базира на законитостите на пазарната економија и примена на релевантната законска регулатива од областа на заштитата на животната средина, особено превенција и спречување на негативните влијанија врз животната средина со цел одржлив развој и елиминирање на екстерналиите.

Користење и заштита на земјоделско земјиште

- Согласно Просторниот план на Република Македонија просторот на РМ е поделен во 6 земјоделско стопански реони и 54 микрореони. Предметната локација припаѓа на Медитерански или Повардарски земјоделско стопански реон кој е поделен на Јужно медитерански со 2 микрореони и Централно-медитерански со 10 микрореони.
- При изработка на планската документација, неопходно е воспоставување и почитување на ефикасна контрола на користењето и уредување на нормите и стандарди за градба. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето. Предметниот опфат зафаќа земјоделско земјиште: нива (IV класа).

Водостопанство и водостопанска инфраструктура

- За долгорочно и квалитетно водоснабдување на објектите потребно е околу изворникот да се дефинираат заштитни зони и режим на заштита во зоните (доколку се користи независен изворник, односно објектите не се приклучат на водоснабдителната мрежа на селото Костурино).
- Обезбедувањето на потребните количини на вода треба да се одвива во насока на рационално користење на водата преку примена на современи технички решенија во управувањето со системот за водоснабдување.
- Отпадните води пред да се испуштат во реципиентот мора да бидат подложени на соодветен третман со што нивниот квалитет ќе биде

доведен во согласност со критериумите дефинирани со „Уредбата за категоризација на водотеците,езерата, акумулациите и подземните води".

Енергетика и енергетска инфраструктура

– Локацијата за изградба на објекти со намена станбени куќи во состав на селски стопански двор, КО Костурино, Општина Струмица нема конфликт со постојните и планирани енергетски водови.

- За електроенергетските корисници потребно е да обезбеди сигурно и непрекинато снабдување со електрична енергија со напон кој ќе биде во дозволените граници.

–

Урбанизација и мрежа на населби

– Иницијативата за изградба на објекти со намена станбени куќи во состав на селски стопански двор, КО Костурино, Општина Струмица, би требало да предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно окружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост, повисок квалитет на услугите во окружувањето, како и уреденост на просторот, сето тоа базирано врз принципите на одржлив развој како и максимално почитување и вградување на нормативите и стандарди за заштита на животната средина.

Домување

– Основна определба во политиката на станбената изградба за изградба на објекти со намена станбени куќи во состав на селски стопански двор, КО Костурино, Општина Струмица, во планираниот период треба да биде реализација на зацртаните цели на концепцијата на домувањето во зависност од потребите и економските можности.
– Иницијативата за изградба на објекти со намена станбени куќи во состав на селски стопански двор, КО Костурино, Општина Струмица, ќе допринесе за зголемување на квалитетот на живеење во руралната средина преку внесување на нови вредности и изнаоѓање на нови можности за адекватно користење и организирање на просторот, преку современо уредување и модернизирање на стопанските дворови согласно стандардите и нормативите за урбанистичко планирање.

Јавни функции

– На предложениот простор наменет за изградба на објекти со намена станбени куќи во состав на селски стопански двор, КО Костурино, Општина Струмица, нема препораки и обврски за организација на јавни функции (образование, здравство, социјала и спорт и рекреација), што значи дека се исклучени и можностите за било каков конфликт помеѓу два типа на функции.

Сообраќајна инфраструктура

– Според Просторниот план на Република Македонија автопатската и магистрална патна мрежа релевантна за предметниот простор е:

  А4 (М-6) - (Граница со Косово-ГП Блаце-крстосница Стенковец-обиколница Скопје-Петровец-Миладиновци-Свети Николе-Штип-Радовиш-Струмица-гр.со Бугарија-ГП Ново Село);
– Релевантен регионален патен правец за предметната локација влегува во групата на регионални патишта "Р1" и е со ознака:

  Р1401 - (Струмица (врска со А4)-Раброво-Валандово-Балинци-Марвинци-врска со Р1102);

– При планирање да се почитува Законот за јавни патишта („Службен весник на Република Македонија" број 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12,168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15,31/16,71/16и163/16).

Радиокомуникациска и кабелска електронско комуникациска мрежа

– Локацијата за изградба на објекти со намена станбени куќи во состав на селски стопански двор, КО Костурино, Општина Струмица нема конфликт со постојните и планирани радиокомуникациски и кабелски електронско комуникациски мрежи.
– Преку кабелските електронски комуникациски мрежи, на крајните корисници треба да им се обезбеди сигурен пренос на јавни електронски комуникациски услуги со задоволување на одредени општи и посебни услови за квалитет, во согласност со Законот за електронските комуникации и препораките за обезбедување на одредено ниво на квалитет на пренос.

Заштита на животната средина

– Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изградба на објектите со намена станбени куќи во состав на селски стопански двор, КО Костурино, Општина Струмица, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животната средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа.
– Да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности.
– Да се следи и контролира присуството на загадувачки материи во воздухот со цел да се одржи квалитетот на воздухот во граници на дозволените нивоа на емисии.
– Да се предвидат соодветни технички зафати за пречистување на отпадните води и имплементација на технологии кои ќе овозможат нивно повторно искористување за истата или друга намена.
– Да се контролира квалитетот на пречистените отпадни води пред испуштање во најблискиот реципиент, со цел да се усогласат вредностите на концентрацијата на материите присутни во пречистената отпадна вода со пропишаните гранични вредности на максимално дозволените концентрации на материите присутни во реципиентот.
– Да се превземат активности за намалување на бучавата и вибрациите од опремата, со цел да се избегнат негативните ефекти од бучавата и да се почитуваат пропишаните гранични вредности за дозволено ниво на бучава во животната средина.
– Организирано управување со отпадот со цел да се минимизира негативното влијание врз животната средина, животот и здравјето на луѓето.
– Создавачот и/или поседувачот на отпадни материи и емисии ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина.
– Уредување на комплексот со заштитно и украсно зеленило. При изборот на вегетацијата да се даде приоритет на видовите (автохтони) со висок биоакумулативен капацитет за загадувачки материи.
– Да се изведуваат енергетски ефикасни објекти.

Заштита на природно наследство

– Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија, предметниот простор на кој се предвидува изградба на објекти со намена станбени куќи во состав на селски стопански двор, КО Костурино, Општина Струмица, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство.

Доколку при изработка на предметната документација или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат соодветни мерки за заштита на природното наследство согласно Законот за заштита на природата.

Заштита на културното наследство

– Согласно податоците од Археолошката карта на Република Македонија2, на подрачјето на катастарската општина Костурино, има евидентирани недвижни споменици на културата и археолошки локалитети.
– При изработка на планска документација од пониско ниво да се утврди точната локација на евидентираното и регистрираното културно наследство и во таа смисла да се применат соодветните плански мерки за заштита на истото.
– Доколку при изведување на земјаните работи се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културно- историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со постоечката законска регулатива (Закон за заштита културното наследство - „Службен весник на Република Македонија" број 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18,20/19), односно веднаш да се запре со отпочнатите градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство.

Туризам и организација на туристички простори

– Предметната локација за која што се наменети Условите за планирање, припаѓа Струмичко - Радовишки туристички регион со утврдени 4 туристички зони и 12 туристички локалитети.
– Согласно поставките на Концептот и критериумите за развој и организација на туристичката дејност, за непречен развој на вкупната туристичка понуда на ова подрачје, се препорачува, при идната организација на стопанските дејности да се почитуваат критериумите за заштита и одржлив економски развој.

Заштита од воени разурнувања, природни и техничко-технолошки катастрофи

- Локацијата за која се наменети условите за планирање на просторот за изградба на објекти со намена станбени куќи во состав на селски стопански двор, КО Костурино, Општина Струмица, се наоѓа во индиректно загрозени простори од воени дејства. Според тоа во согласност со Законот за заштита и спасување, задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување.
- Задолжителна примена на мерки за заштита од пожар.
- Анализираниот простор се наоѓа во подрачје каде се можни потреси со јачина до IX степени по МКС, што наметнува задолжителна примена на нормативно-правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, кај изградбата на новите објекти.

Насоки за потребата од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина

– При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за предметната документација за изградба на објекти со намена станбени куќи во состав на селски стопански двор, КО Костурино, Општина Струмица, задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторниот план на Република.

4. ЦЕЛИ НА УРБАНИСТИЧКИОТ ПЛАН

Основна цел на планот е со изработка на Урбанистички проект за вон опфат за изградба на објекти со намена станбени куќи во состав на селски стопански двор, на КП бр.4221 и 4219/2 КО Костурино, Општина Струмица, со површина на проектен опфат од 1186.37м^2**,** е да се формира градежна парцела и отпочнување на постапка за Одобрение за градење. Основните параметри кои ќе ги дадат насоките за идната градба ќе бидат усогласени со новите законски регулативи на Законот за урбанистичко планирање (Сл.в.на РМ бр.32/20г.) и Правилник за урбанистичко планирање (Сл.в.на РСМ бр.225/20г.).

5. ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИОТ КОНЦЕПТ

Реализацијата на Урбанистички проект за КП бр.4221 и 4219/2 КО Костурино, Општина Струмица, со површина на проектен опфат од **0.13Ха**, согласно определбите на **Условите за планирање на просторот со тех.бр.Y02121, издадени од Април 2021г.** кои произлегуваат од Просторниот план на Република Македонија треба да базира на принципите и стандардите

за заштита на животната средина и одржлив економски развој, особено превенција и спречување на негативните влијанија на постојните и планирани површини за домување во станбени куќи, применувајќи ја релевантната законска регулатива.

Една од планските определби утврдени со Просторниот план на Република Македонија е рационално користење на земјиштето заради што е неопходно пред започнување на сите активности да се утврди економската и општествена оправданост за зафаќање на предложената површина од **0.12Ха**, на планскиот опфат на селото Костурино.

Како главена економска оправданост е потребита за развој на селото, со планирање на сите развојни компоненти, избегнување на конфликти и развој на сите структури кои го прават едно населено место комплетно.

Локалитетот се наоѓа на јужната страна од најблискиот град Струмица, кој е седиште на општината. Селото по својата местоположба спаѓа во ридско планински села. Добрата местоположба, во смисол на сообраќајна поврзаност, го прават селото атрактивно за исселување од град во село и развој на земјоделие и други стопански гранки. Со урбанизирани и оплеменети места за живеење, трба да се направи селото привлечно место за живеење на младата популација. Со планирање и изградба на објекти за домување во селско стопански дворови, ќе биде отстранета бариерата за непречено градење. Реализацијата на оваа програма се наметнува од потребата за посовремено живеење на село, а пред се во село Костурино.

Према просторната организација на населбите селото Костурино е дел од Општина Струмица, со седиште во градот Струмица, каде населениоето од сите села ќе ги задоволуваат потребите од повисок ред.

Во рамките на проектниот опфат ќе доминира земјиште со намена домување во станбени куќи. Со планот се утврдуваат услови за градење, намена на градбите, сообраќајно решение, нивелманско решение и примарна линијска инфраструктура, кои се применуваат за изработка и спроведување на урбанистичките проекти, кои се дефинирани со следните одредби:

-Граница на проектен опфат која претставува граница на градежна парцела.

-Граница на градежна парцела, се поклопува со граница на катастарски парцели, а оди по крајните линии на КП бр.4221 и 4219/2 КО Костурино, Општина Струмица.

-Регулациони линии на секундарната сообраќајна мрежа. Минималните растојанија помеѓу регулационите и градежните линии ќе бидат утврдени во се према Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.В. на РСМ бр.225/20).

-Планско решение на сообраќајната мрежа, во целост прифатена од терен со прописно прикажан сообраќаен коридор.

-Планско решение на водовите и објектите на комуналната инфраструктура. На основа на планираната површина за градењето и еквивалентен број на жители, планирана е линиска инфраструктура за довод на вода и одвод на фекална канализација, електрика и атмосферска

- Мерки за заштита на животната средина и природата

Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработката на предметната документација со намена лесна градежна индустрија со производство на градежни елементи и производи, погани и бази за производство на асфалт и бетон, КО Костурино, Општина Струмица, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животната средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа.

Да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности.

Да се следи и контролира присуството на загадувачки материи во воздухот со цел да се одржи квалитетот на воздухот во граници на дозволените нивоа на емисии.

Да се предвидат соодветни технички зафати за пречистување на отпадните води и имплементација на технологии кои ќе овозможат нивно повторно искористување за истата или друга намена.

Да се контролира квалитетот на пречистените отпадни води пред испуштање во најблискиот реципиент, со цел да се усогласат вредностите на концентрацијата на материите присутни во пречистената отпадна вода со пропишаните гранични вредности на максимално дозволените концентрации на материите присутни во реципиентот.

Да се превземат активности за намалување на бучавата и вибрациите од опремата, со цел да се избегнат негативните ефекти од бучавата и да се почитуваат пропишаните гранични вредности за дозволено ниво на бучава во животната средина.

Организирано управување со отпадот со цел да се минимизира негативното влијание врз животната средина, животот и здравјето на луѓето.

Создавачот и/или поседувачот на отпадни материи и емисии ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина.

Уредување на објектите со заштитно и украсно зеленило. При изборот на вегетацијата да се даде приоритет на видовите (автохтони) со висок биоакумулативен капацитет за загадувачки материи.

6.ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКОТО РЕШЕНИЕ

6.1.1.Организација на просторот

Со овој проект се врши уредување на просторот во рамки на зацртаната линија на проектниот опфат, со формирање на градежна парцела од две катастарски пацели, површина за градење, посебни општи услови за градење и други параметри кои се битни за урбано планирање.

Во просторот ограничен со проектниот опфат се формира градежна

парцела со нумерација ГП бр.1.1. составена од дел од КП бр. 4221 и дел од КП бр. 4219/2 КО Костурино, Општина Струмица. Градежната парцела е во функција на потребите на инвеститорот, а произлегува од неговите природни и просторни карактеристики, диспозиција, сообраќајни врски и др.

Предложеното решение за организација на просторот произлегува од реалните потреби за развој на домување вон населено место, формирање на градежна парцела прилагодена према условите на теренот, со максимална примена на важечките стандарди за урбанистичко планирање.

Формирањето на градежната парцела произлегува од просторните можности, сообраќај и други карактеристики, кои даваат можности за нејзино формирање. Оформена е 1 градежна парцела со намена А1.5 - станбени куќи во состав на селски стопански двор. Нумеричките податоци со процент на изграденост, коефициент на искористеност, дадени се сублимирани и во графичкиот дел.

6.1.2. Намена на земјиштето и градбите во планскиот опфат

Се врши уредување на земјоделско земјиште, кое досега не било опфатено во ниедно урбанистичкио планирање, а има површина од 0.12Ха, со површина и форма која ги прати крајните линии на КП бр. 4221 и 4219/2 КО Костурино, Општина Струмица и со површина која претставува збир на истите.

Планираната површина на соодветни класи на намени е планска одредба, која е изведна од пресметките во кои како парметри се земени просторните карактеристики. Тоа произлегува и од тенденцијата на градење, потребите согледани од страна на општината и сопственикот на изградениот легален објект.

ОСНОВНА КЛАСА НА НАМЕНА

***А1.5 –домување во станбени куќи во селски стопански двор**

За домување во станбени куќи во селски стопански двор, планираната површина на во рамки на градежни линија ќе изнесува 153.45м^2, или 29% од вкупното градежно земјиште. Вкупно изградената површина за градење по катови со таа намена ќе изнесува од 306.89m^2, со процент на озеленетост од 51%. Коефициент на искористеност на парцелата се планира 0.6.

Еден дел од планскиот опфат, кој е дел од КП бр. 4221 и дел од 4219/2 КО Костурино и понатаму ќе се користи како земјоделско земјиште, во површина од 653м^2, или 55.06% до вкупната површина на планскиот опфат.

КОМПАТИБИЛНА КЛАСА НА НАМЕНА

***Б1 - мали комерцијални и деловни намени**

За мали комерцијални и деловни намени се планирани вкупно 30% од планираната површина за градење по катови.

***Е1-Комунална инфраструктура -сообраќај**

Во склоп на планскиот опфат не се планирани површини за сообраќај за јавна површина, само стационирaн сообраќај, кој се состои од пристапни патеки и паркинг за сопствени возила. Планскиот опфат и формираната градежна парцела, ги тангира сообраќаен коридор, некатегоризиран пат.

Сите планирани класи на намени и нивната застапеност со површини изразени во Ха и процентуална застапеност, подрдени се во следната табела:

реден број	Основна класа на намена на земјиште	Површина на земјиште(Ха)	Процентуална застапеност (%)
1	**А1.5** -домување во станбени куќи во состав на селски стопански двор	0,0533	44,94
2	**ЗЗ - Земјоделско земјиште**	0,0653	55,06
3	Вкупно:	0,1186	100

6.2 Сообраќај

Профилот на улицата е превземен од од постоен уличен коридор кој досега функционирал како влез во постојна парела. Уличната мрежа пред планскиот опфат се состои од некатегоризиран и неасвалтиран пат, кој се поврзува со главната сообраќајница во селото, регионален патен правец Р1401 - Струмица (врска со А4)-Раброво-Валандово-Балинци-Марвинци-(врска со Р1102);

Профилот на улиците е даден во графичкиот прилог, крајната линија на попречниот профил ја означува регулационата линија.

- Паркирање:

Планирањето, развојот и изградбата на сообраќајот во парцелата е насочен кон овозможување и создавање безбеден и ефикасен систем на движење на луѓе и стока. Статичкиот сообраќај, зависи од карактерот и функцијата на градбата, а се предвидува паркиралиште во градежната парцела. Бројот на паркинг места ќе биде определен согласно чл.134 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.в. на РСМ, бр.225/20г.), како и останатата релевантна законска и подзаконска регулатива, според вкупниот број на станови. Се предвидува еден стан со едно паркинг место во новоформираната градежна парцела со ГП бр.1.1. Начинот на паркирање се предвидува во дворно место.

- Нивелмански план:

Новоформираната парцела со ГП бр.1.1. во КО Костуруно, се протега на рамен терен, а целата површина е со блага косина од околу 3.3%, од исок према запад.

Највисоката нивелета во планскиот опфат е 441.5м.н.в на крајната источна страна. Од оваа кота према запад теренот се спушта и доаѓа до најниската кота 339.6м.н.в, на крајната западна страна. За секоја крајна точка од уличната мрежа која тангира со планскиот ппфат, соодветно на теренските услови, дадена е ориентациона нивелета, од кои произлегуваат и подолжните наклони на постојната улица.

-просечна надморска височина на селото е 440м.н.в.,

-разлика помеѓу највисоката и најниската точка е 1.8м

-просечен наклон на теренот 3.3%

6.3. Електрика

Според податоците од Електродистрибуција дооел Скопје, во планскиот опфат нема електроенергетски објекти и инфраструктура.

Според увидот на лице место, покрај планскиот опфат мунува електричен кабел, со јачина од 0.4кв., на кој се приклучени соседни објекти.

Димензионирањето на електричната мрежа се базира на реални барања за надградба на постојните инсталации, како и планираните градби за планскиот период.

При постоење на подземна инфрастрктура во дадениот опфат, потребно е инвеститорот да се обрати до најблискиот Корисничко Енерго Центар, за проценка дали е потребно присуство на стручен вработен на лице место при реализирањето на активностите во предметниот опфат, препорака од Електродистибуција дооел Скопје со бр.10-55/5-113 од 13.04.21г. Постојните надземни линии и ормани кои се во целост прифатени во ситуацијата на графичкиот прилог. За приклучок од високонапонската мрежа се планира приклучок до најблиската трафостаница. Се планира и мерен орман кој ќе биде сместен на предниот дел од парцелата на границата помеѓу регулационата линија и линиите на парцелите на пристапна улица.

Се планираат телекомуникациски приклучни ормари во новоформираната парцела непосредно до регулационата линија во внатрешноста на парцелата, кој се поврзуваат со подземен ТК вод до предвидениот главен телекомуникациски вод.

6.4. Водовод и канализација

На основа на урбанистичкото решение изработено е решение за улична мрежа за водовод, атмосферска и фекална канализација.

- Водовод

Со вода објектот се предвидива да се снабдуваат од селскиот водовод, преку водомерна шахта.

Пред парцелата има изведена фекалан канализација. Фекалната канализација во парцелата е решена со приклучок на селската мрежа преку ревизиона шахта, прописно изведена во сопствената парцела.

Планирањето на хидрантска мрежа, за заштита на објекти од пожар, ќе биде обработено во Основниот проект со потребниот Елаборат согласно законската регулатива. Приклучните точки кои се поврзуваат со постојните водови се нанесени во графичкиот прилог.

Атмосверската канализација е предвидена по примарната улична мрежа паралелно со фекалната.

6.5. Нумерички показатели и споредбени податоци

Со извршените промени во планскиот опфат каде се планира формирање на една нова градежна парцела ГП бр.1.1. која се состои од дел од КП бр.4221 и дел од 4219/2 КО Костурино, Општина Струмица, направени се нумеричките податоци, а како споредбени показатели кои ја отсликуваат постојната и планираната состојба, се прикажани во сленатa табела:

Нумерички показатели во рамки на ГП бр 1.1.:

број на ГП	површина на ГП(м2)	површина за градење(м2)	вк. пов. за градење(м2)	мах.височина на градбите во спратови	процент на озеленетост (м)	мах.височина на градбите во	начин на паркирање	основна класа на намена	компатибилна класа на намена
1.1	532.8	153.45	306.89	П+1	51,00	6.40	во сопств.пац.	А1.5 -домување во станбени куќи во состав на селски стопански двор	Б1-мали.ком и дел. намении
вкупно:	532.8	153.45	306.89						

реден број	БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ	ПОСТОЈНО	ПЛАНИРАНО
1	**површина на плански опфат (Ха)**	0,12	0,12
2	**изградена површина (Ха)**	0,00	0,02
3	**вкупно изградена површина (Ха)**	0,00	0,03
4	**процент на изграденост (%)**	0,00	16,67
5	**коефициент на искористеност (К)**	0,00	0,25
6	**број на жители**	0	6
7	**густина на населеност (ж/Ха)**	0	50

7. ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА

7.1.Со овој проект се насочува градбата да биде унифицирана, подредена и адаптирана во се према Законот за урбанистичко планирање. Општините кои ги спроведуваат плановите, должни се да ги спроведуваат законите и подзаконските акти кои ја обработуваат оваа проблематика, а пред се Законот за урбанистичко планирање, Правилникот за урбанистичко планирање.

7.2.Регулациона линија е линија на разграничување помеѓу градежно земјиште за општа употреба и парцелирано градежно земјиште за поединечна употреба.

7.3.Граница на градежна парцела како планска одредба во урбанистички план е линија на разграничување на носители на право на градење помеѓу две соседни градежни парцели.

7.4. Градежна парцела е ограничен дел од градежно земјиште со ист носител на правото на градење.

7.6.Урбанистички проект за градежната парцела се изработува во случаите кога градежната парцела се состои од две или повеќе катастарски парцели или кога во рамки на една катастарска парцела се формираат две или повеќе градежни парцели или кога на една катастарска парцела се предвидуваат две или повеќе градби.

7.7.Наменска зона е ограничена површина на градежно земјиште со иста наменска употреба на земјиштето.

4.8.Процентот на изградеността е однос помеѓу бруто површината под објект и површината на парцелата помножена со 100.

7.9. Максималната висина на објектите е висината до венецот од нивото на тротоар.

7.10.Во заштитните коридори не е дозволено планирање и поставување на површини за градење над терен.

7.11.Зелени површини се планираат во секоја градежна парцела со застапеност од 20% од вкупната површина на градежната парцела.

7.12.Обликувањето на објектите да биде слободно према убедувањето на архитектот, со максимално вклопување на теренот и вградување на обликуваните елементи од околината.

7.13.Пред употреба на планот сите параметри кои се однесуваат на градежната парцела да бидат проверени во катастарската евиденција.

7.14.Задолжително да се применуваат препораките за примена на планот кои се дадени во Текстуални одредби од извод на план од повисоко ниво од аспект на:

- заштита на животната средина,
- културно наследство
- заштита и спасување.

8. ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА

Со овој проект се планиранаат условите за градење за планираната парцела, која претставува основна единица на градежното земјиште и е нумерирана со двочлена номенклатура, каде првата цифра означува број на парцела а втората име на блок. Процентот за изграденост на парцелата, коефициентот на искористеност на земјиштето, максималната висина и намената на градбите се дадени во табела во нумеричкиот дел на планот.

ГП бр.1.1.

- Основна класа на намена: А1.5 –домување во станбени куќи во селски стопански двор

-Компатибилна класа на намена: (Б1), мали комерцијални и деловни намени.

-Компатибините класи на намени, ќе бидат организирани до 30% од развиената површина на објектот.

-Површина на парцела ($м^2$)..... 532.8
-Површина на земјиште под градбата($м^2$..... 153.45
-Вкупно изградена површина ($м^2$)..... 306.89
-Максимален процент на изграденост..... 29 %
-Максимален коеф. на искористеност(к)..... 0.58
-Дозволена висина на градбата до венец..... 6.40м
-Максимален број на спратови..... П+1(приземје и кат)
-Висина на кровна конструкција.....4.5м,
-Кота на нулта плоча мах..... 1.20 см. (од изведена улица)
-Начин на паркирање..... во склоп на градежна парцела
-Влез во парцела..... од улица „У-1“
-Бројот на паркинг места..... едно паркинг место на еден стан
-Озеленување..... процентот на озеленетост се планира мин. 25% од површината на градежната парцела.

-Над максималната кота на венец, во поткровен простор може да се проектира само едно ниво на корисен простор.

-Испод кота на нулта плоча, може да се гради само едно ниво на подрумски простории.

-Услов да се изгради максималната површина за градење е да се обезбеди потребниот број на паркинг места во согласност со Правилникот за урбанистичко планирање(Сл.В. на РСМ бр.225/20).

9. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА

9.1. Мерки за заштита и спасување

Согласно Законот за заштита и спасување (Сл.В. на РМбр. 36/04, 49/04, 86/08, 114/10, 18/11), се утврдува систем за заштита и спасување на луѓето, животната средина, материјалните добра, природните богатства, животинскиот и растителниот свет и културното наследство од природни непогоди и други несреќи во мир, вонредна состојба и од воена состојба во Република Македонија.

Начинот на применување на мерките за заштита и спасување при планирање и уредување на просторот и населбите, во проектите и при изградба на објектите, како и учеството во техничкиот прием, Владата го уредува со уредба (Сл.в. на РМ бр. 105/05).

- Мерките за заштита и спасување се урбанистичко - технички и уманитарни и други мерки за заштита и спасување кои би се појавиле при и по природните непогоди и други несреќи.

РБАНИСТИЧКО - ТЕХНИЧКИ МЕРКИ СЕ:

- засолнување;
- заштита и спасување од поплави;
- заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи,
- заштита од неексплодирани убојни и експлозивни средства;
- заштита и спасување од урнатини;
- заштита и спасување од техничко - технолошки несреќи и
- спасување од сообраќајни несреќи

1.Засолнувањето опфаќа планирање, изградба, одржување и користење на јавните засолништа, одржување и користење на изградените засолништа и други заштитни објекти и заштита на населението, материјалните добра и културното наследство на РСМ.

2.Заштитата и спасувањето од поплави, опфаќа регулирање на водотеците, изградба на заштитни објекти, одржување и санирање на оштетените делови на заштитните објекти, набљудување и извидување на состојбите на водотеците и високите брани, заштитните објекти и околината, обележување на висинските коти на плавниот бран, навремено известување и тревожење на населението во загрозеното подрачје, спроведување на евакуација на населението и материјалните добра од загрозеното подрачје, обезбедување на премин и превоз преку вода, спасување на загрозените луѓе на вода и под вода, црпење на водата од поплавените објекти и извлекување на удавените, обезбедување на населението во поплавените подрачја со основните услови за живот и учество во санирање на последиците предизвикани од поплавата.

Тој вид на заштита ќе биде од организирани сили за заштита и

спасување од природни непогодни и други несреќи. Тоа се посебно организирани единици или поединци во рамките на државните органи, органите на државната управа, ЕЛС, трговските друштва и другите правни лица кои брзо интервенираат во случај на опасност.

3. Заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи, опфаќа мерки и активности од нормативен, оперативен, организационен, надзорен, технички, образовен, воспитен и пропаганден карактер.

Инвеститорот во проектната документација за изградба на објекти, како и за објекти на кои се врши реконструкција - пренамена е должен да изготви посебен Елаборат за заштита од пожари, експлозии и опасни материи и да прибави согласност за застапеноста на мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи.

Согласност за застапеност на мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи дава дирекцијата, односно нејзините подрачни организациони единици за заштита и спасување.

Директорот на дирекцијата ја утврдува содржината на Елаборатот за заштита од пожари, експлозии и опасни материи.

Овие одредби се однесуваат за сите објекти, освен станбените објекти со висина на венецот до 10m и јавните објекти со капацитет за истовремен престој до 25 лица.

4. Заштита од неексплодирани убојни и експлозивни средства, опфаќа пребарување на теренот и пронаоѓање на неексплодираните убојни средства, одбележување и обезбедување на теренот, онеспособување и уништување на сите видови неексплодирани експлозивни средства на местото на пронаоѓањето, транспорт до предвиденото и уреденото место за уништување и безбедносни мерки за време на транспортот.

- Тој вид на заштита ќе биде од организирани сили за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи

5. Заштита и спасување од урнатини, опфаќа превентивни и оперативни мерки. Превентивните мерки за заштита од уривање се активности кои се планираат и спроведуваат со просторните и урбанистичките планови и со примена на техничките нормативи при проектирање и изведба на објектите.

При проектирањето на објектите да се применуваат материјали со цврстина која одговара на техничките нормативи и статички пресметки во согласност со сеизмичката зона.

Оперативни мерки за заштита и спасување од урнатини се активности за извидување на урнатината, пронаоѓање на затрупаните, осигурување на конструкцијата на оштетените и поместените делови на објектот заради спречување на дополнително уривање, преземање на мерки за заштита од дополнителни опасности, извлекување на затрупаните, давање на прва медицинска помош и извлекување на материјалните добра.

6. Заштита и спасување од техничко - технолошки несреќи, опфаќа превземање на превентивни и оперативни мерки во индустриските објекти, кои во производниот процес употребуваат материи или постројки што предизвикуваат висок степен на загрозеност на луѓето и материјалните добра.

Инвеститорите се должни да обезбедат елаборат за стратешка оцена

на влијанието врз животната средина за дејноста што ја обавуваат.

7. Спасување од сообраќајни несреќи, опфаќа мерки и активности при настанати големи несреќи на патниот, железничкиот, водниот и воздушниот сообраќај, во кои има поголем број повредени и загинати лица, или е предизвикана голема штета.

Од тој аспект се планирани широки и безбедни сообраќајни правци, и заштитни појаси во зависност од планираната брзина на патот.

ХУМАНИТАРНИ МЕРКИ СЕ:

- евакуација
- згрижување на загрозеното и настраданото население
- радиолошка, хемиска и биолошка заштита
- прва медицинска помош
- заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло
- заштита и спасување на растенија и производи од растително потекло
- асанација на теренот

1. Со евакуацијата, се врши планско, организирано и контролирано преместување на населението, материјалните и културните добра на РСМ, загрозените во релативно побезбедните простори.

Евакуацијата се извршува доколку со други мерки не е можно да се спречат последиците од природните непогоди и други несреќи.

2. Згрижувањето на загрозеното и настраданото население опфаќа прифаќање, сместување и обезбедување на основни за живот на настраданото и загрозеното население.

Републиката и единиците на локалната самоуправа се должни да обезбедат сместување и итно згрижување на населението, кое поради природни непогодни, епидемии, епизотии, епифитотии и други несреќи, останало без дом и средства за живеење и кои поради загрозеност се задржуваат надвор од своето место на живеење.

Републиката и единиците на локалната самоуправа од кои се згрижува населението, ги покриваат трошоците за сместување и обезбедување на основните услови за живот.

9.2. Радиолошката, хемиската и биолошката заштита, опфаќаат мерки и активности за заштита на луѓето, добитокот и растенијата, со навремено откривање, следење и контрола на опасностите од последиците од несреќи со опасни материи, како и последиците радиолошко, хемиско и биолошки агенси, преземање на мерки за заштита и отстранување на последиците од нив

Сопствениците на објекти во кои се произведуваат и складираат опасни материи, сопствениците на транспортни средства, како и сопствениците и корисниците на објектите и уредите кои се наменети за јавно снабдување со вода, производство, сообраќај и складирање на прехранбени производи, лекарства и сточна храна, јавните здравствени

служби, како и сопствениците на објекти во кои се врши згрижувањето и образованието на децата, се должни да обезбедат заштитни средства и да ги

спроведува стандардите и процедурите за радиолошка, хемиска и биолошка заштита.

4. Прва медицинска помош опфаќа преземање на мерки и активности за укажување на прва медицинска помош со стандардни и прирачни средства на местото на повредувањето - заболувањето, медицинска тријажа на повредените и заболените и транспорт до најблиските здравствени установи.

5. Заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло, опфаќа превентивни и оперативни мерки за заштита на животните и производите од животинско потекло од дејствата на природните непогоди, епизотии и други несреќи.

6. Заштита и спасување на растенијата и производите од растително потекло опфаќа превентивни и оперативни мерки за заштита од растителни болести, епифитотии, штетници, плевели, радиолошка, хемиска и биолошка контаминација и други видови на загрозување.

9.3. Мерки за заштита на води

1. При проектирање на системите за собирање, одведување и прочистување на урбани отпадни води, потребно е да се имаат во предвид големината на населеното место, согласно кое општината е должна да воспостави систем:

- за собирање на отпадните води во секое населено место со повеќе од 2.000 е.ж.;
- соодветно прочистување на сите отпадни води кои се испуштаат од системи за собирање на отпадни води од населени места со помалку од 2.000 е.ж.;
- секундарен (биолошки) или на него соодветно прочистување на отпадните водите од системите за собирање на отпадни води од населени места со повеќе од 2000 е.ж.;

2. При проектирањето потребно е да се има во предвид дека поставување на индивидуални системи или други соодветни системи со кои се постигнува истото ниво на заштита на животната средина се смета за оправдано само доколку со постоењето на систем за собирање и одведување на отпадни води не се обезбедува оправданост заради големи трошоци или затоа што системот нема да придонесе кон подобрување на животната средина;

3.Заради заштита и спречување на оштетување на водостопански објекти и постројки, се забранува да се изведуваат градби или да се вршат работи со кои се оштетуваат објектите и постројките;

4. Изведувањето на водостопанските објекти и постројки, како и други активности да се вршат во согласност со прифатени современи техники и стандарди, прилагодени на научно–техничкиот развој на начин кој нема да предизвика негативно влијание врз режимот на водите и врз корисниците.

9.4. Мерки за заштита на културно наследство

Во текот на примена на планот, во случај да се појави археолошко наоѓалиште, да се постапи во согласност со одредбите од чл. 65 од Законот за заштита на културно наследство (Сл.в. на РМ бр. 20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 154/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16 и 11/18)

-Поради неможноста да се изврши теренска проспекција која би ги опфатила и долните слоеви на земјиштето се обврзува изведувачот на работите благовремено да го извести НУ Завод и Музеј Струмица, за времето на отпочнување на работите, со што би добиле увид и во стратиграфијата на теренот. Изведувачот се обврзува да го извести НУ Завод и Музеј Струмица и веднаш да ги прекине изведувачките активности доколку наиде на било каков вид движно и недвижно културно наследсто.

9.5. Мерки за заштита на живоната средина и природата

Со овој вид на заштита се уредуваат правата и должностите на правните и физичките лица, во обезбедувањето услови за заштита и унапредување на животната средина и природата, заради остварување на правото на граѓаните на здрава животна средина.

Со овој план се предвидуваат плански мерки за заштита на животната средина, преку заштитување на водата, воздухот, почвата , зашита од бучава и др.

За оваа заштита потребно е да се применуваат:

-Закон за заштита и унапредување на животната средина И природата (Сл.в.на РМ бр. 13/2003)

-Законот за заштита на природата (Сл.в.на РМ бр. 67/2004)

-Законот за животна средина (Сл.в.на РМ бр. 53/2005),

-Законот за квалитетот на амбиенталниот воздух (Сл.в.на РМ бр.67/2004),

-Законот за управување со отпадот (Сл.в.на РМ бр. 68/2004),

-Законот за спречување на штетната бучава (Сл.в.на СРМ бр. 21/84),

-Законот за води (Сл.в.на РМ бр. 4/98),

-Уредба за класификација на водите(Сл.в.на РМ бр. 18/99

9.6. Мерки за спречување на архитекотнски бариери

